Јас сум Гиакома Гиакалоне и работам како генерален секретар на  Федерацијата на агро-индустриски работници на Италијанската конфедерација на синдикати (Flai Cgil) за Трапани.
Веќе четири години сум вклучен во уличниот синдикат “sindacato di strada” во областите околу Трапани каде се спроведуваат најголемите кампањи за берба, односно каде се одгледуваат маслинки и винова лоза.

Во Трапани постојано се заседава, и  домаќин на средбите е префектурата каде се поканети синдикатите, организациите на работодавачи, агенциите за спроведување на законите, волонтерски здруженија и локални градоначалници.
Оттаму се произлезени добри резултати,  особено во последните две години во Трапани во општината Кампобело ди Мацара, каде експериментално се спроведува вработување во земјоделскиот сектор против нелегалното вработување.
Уличниот синдикат (sindacato di strada) има за цел да се среќава со работниците кои се експлоатирани во средината, и тоа пред сè имигранти, но, исто така помага да се добијат информации за нивните услови и овозможува да се интервенира за да можат тие да ги бараат и остваруваат своите права.
За нив тоа е корисно бидејќи често не се запознаени дека постои синдикатот, или, ако знаат, се плашат да дојдат кај нас во канцеларија, за да се сретнеме и да размениме информации.
Ефективноста на уличниот синдикат „sindacato di strada“ се мери доколку некои работници веднаш по интервенцијата почнат да ги посетуваат синдикалните организации или да дојдат во посета на Италијанската конфедерација на синдикати (Cgil).
За да имате добро искуство со sindacato di strada, потребно е да ја познавате територијата каде одите да работите.
Барате помош од соработниците кои работат на територијата во разни општини: со нивна поддршка ќе дознаете повеќе за главните проблеми на кои треба да се фокусирате.
Четирите услови кои треба да ги препознаете за да знаете дали е важно да интервенирате преку уличниот синдикат „sindacato di strada“ на територијата се: присуство на имигранти и оттаму и услови на експлоатација; присуство на гета и со тоа и понижувачки животни услови; и каде постојат кампањи за големо производство на фарми.
Од една страна важно е да се знаат податоците од INPS (Национален институт за помош на конфедерацијата)  и со тоа во кои денови се одвива работата на таа територија, и од друга страна, важно е да се интервенира и преку теренските канцеларии, локалните канцеларии, коморите на работници, добротворните организации, службите, пред сè бидејќи тие се запознаени со социо-економскиот контекст во кој работат.
Кога се организираат денови на уличен синдикат „sindacato di strada“, се препорачува да се формираат колку што може поголеми групи, така што прво ќе се вклучат и други внатрешни субјекти на синдикатот покрај вашата категорија и ќе се добие поддршка од Овластениот центар за даночна поддршка (CAAF), Институтот за социјална помош или секретарот на локалната комора на работници бидејќи кога сте повеќе на број можете да опфатите поголем дел од територијата и во најкус временски период да разговарате со поголем број на луѓе. Тоа е така бидејќи кога ќе пристигнете на плоштадот и ќе се сретнете со работниците, по кратко време ќе пристигнат и работодавачите и така постои ризик  тие работници да го изгубат работниот ден и затоа се препорачува да бидете во што поголем број.
Исто така се препорачува да ги информирате агенциите кои ги спроведуваат законите во областа каде ќе спроведувате уличен синдикат „sindacato di strada“ за да бидете покриени од аспект на безбедноста, но и од аспект на заштита на територијата.

Пожелно е да има воспоставена постојана институционална соработка, по можност во префектурата, каде ќе бидат присутни разни лица и разни чинители кои се вклучени во борбата против експлоатацијата во земјоделскиот сектор, меѓутоа, тоа може да биде корисно и за да се гради синергија помеѓу разни чинители за да се изнајдат решенија за проблемот. Меѓутоа, тоа не функционира строго само за уличниот синдикат „sindacato di strada" што претставува синдикална активност и која на нас како синдикат ни помага да се запознаеме со и да оствариме контакти со тие работници и потоа да дадеме значителен придонес во разговорите.

Кога се спроведуваат активности за уличниот синдикат „sindacato di strada" се оди на местата каде се среќаваат работниците, на плоштадите, на крстосниците, во баровите.

Таму останувате околу еден час, разговарате со нив, им делите материјали или разни предмети за да им го привлечете вниманието.

Во текот на денот правиме фотографии и куси видео записи, но, секогаш со добиена дозвола, ги информираме за тоа што го работиме, за да покажеме на социјалните мрежи која е синдикалната активност и во исто време да покажеме на граѓаните какви се условите на работниците кои работат на нивната територија.

На крајот на кампањата подготвуваме извештај, и преку соопштение за медиумите ја информираме и јавноста, и доколку постои можност извештајот се објавува во локалните или националните весници.

Кога поставувам слики на социјалните мрежи, често не контактираат новинари кога бараат со мене да поминат едно утро во таа области заедно со мене да присуствуваат на активностите н уличниот синдикат „sindacato di strada", и затоа се случува да бидам придружувам од новинари кои сакаат директно да се запознаат со оваа појава.

Се среќаваме со целата група која одлучила да учествува во активностите за уличниот синдикат „sindacato di strada" и одиме на плоштадот, на крстосниците, во баровите каде се среќаваме со тие работници, им даваме разни предмети и информативни материјали (мала брошура со кратко појаснување на нивните права) и разговараме со нив. Таму остануваме околу еден час бидејќи во меѓувреме доаѓаат работодавачите и ги ставаме во ризик да го изгубат работниот ден.

На крајот на утрото, заминуваме во областа каде правиме обид да ги сретнеме додека се на работното место.

Оваа активност е покомплицирана и ризична бидејќи често работодавачите не спречуваат да влеземе на терен, во оранжериите или компаниите.

На крајот на денот се враќаме во синдикалните канцеларии и ги споредуваме сознанијата. Даваме извештај за денот: колкав број работници сме сретнале, од каде се тие, какви се работните услови.

Успешноста на иницијативите на уличниот синдикат „sindacato di strada" се оценува прво според тоа колкав број работници сум сретнал, дали сум успеал да ја добијам нивната доверба или почит кон синдикатот, да ги натерам да бидат колку што можат поотворени, и ако сум успеал да добијам многу повеќе информации од нив и да изградам таква релација со нив што тие информации потоа би ги споделил со медиумите, институциите и надлежните органи.

По оваа иницијатива, ако работниците почнат да доаѓаат во нашите канцеларии, тоа значи дека сме постигнале огромен успех и можност да започнеме спор за проблемите на конкретен работник.

За успех се смета и доколку почнат да ми се јавуваат и новинари и тоа значи дека пораката била пренесена и вон оваа територија.

Потребна е огромна волја, голема хуманост и желба да се има разбирање и иницијативата да се спроведува со огромен дух бидејќи и покрај тоа што претставува стара пракса која ни ја пренесоа постарите синдикалци, ние постојано ја оживуваме таквата иницијатива и затоа е потребно секој ден одново да ја осмислуваме, а взаемната размена притоа ни помага да ја подобриме праксата и да оствариме уште поголем број на цели.